# ПРИРАЧНИК ЗА ГРАНТ

**Правила и процедури за спроведува на шема за подгрантирање како дел од проектот:**

## Интегрирано управување со шумите долж сливот на реката Дрим

Одржливо шумарство како решение засновано на природата за управување со екосистемот и руралниот развој во Западен Балкан

Април 2024

With funding from
Austrian Development Cooperation

CNVP

ICEP
weltweit mehr unternehm

## Содржина

Кратенки...... 3

ЗАБЕЛЕШКА...... 3

1. ВОВЕД...... 4

2. КРИТЕРИУМИ ЗА ПОДОБНОСТ ЗА ГРАНТ...... 6

2.1. ОПШТИ КРИТЕРИУМИ ЗА ПОДОБНОСТ...... 7

А. Заеднички критериуми за подобност за сите апликанти...... 7

В. Критериуми за подобност на бизниси...... 7

2.2 СПЕЦИФИЧНИ КРИТЕРИУМИ ЗА ПОДОБНОСТ...... 8

3. НЕПОДОБНИ ТРОШОЦИ...... 8

4. КРИТЕРИУМИ ЗА ПРИОРТИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИРАЊЕТО...... 8

5. КОНЦЕПТ ЗА ГРАНТ / ПРОЦЕС НА ОДОБРУВАЊЕ...... 10

6. ОВЛАСТУВАЊЕ И СУСПЕНЗИЈА ЗА ТРОШОЦИ НА ГРАНТ...... 12

7. МОНИТОРИНГ НА ГРАНТ И ИЗВЕСТУВАЊЕ...... 12

8. ПРОЦЕДУРИ НА НАБАВКИ...... 13

9. СПИСОК НА ДОКУМЕНТИ ПОТРЕБНИ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ...... 13

10. КРИТЕРИУМИ ЗА РАНГИРАЊЕ...... 14

АНЕКС 1/1...... 16

АНЕКС 1/2...... 18

АНЕКС 2...... 20

АНЕКС 3...... 21

АНЕКС 4.1...... 23

АНЕКС 4.2...... 24

АНЕКС 5.1...... 25

АНЕКС 5.2...... 26

АНЕКС 6...... 27

# Кратенки

| | |
|---|---|
| АДА | Австриска агенција за развој (ADA) |
| АФЗ | Администратор за финансии во земјата |
| ЦНВП | Организација за поврзување на природни вредности и луѓе (CNVP-Connecting Natural Values and People) |
| ИД | Извршен директор |
| ЧР | Човечки ресурси |
| ИЦЕП | ICEP - Австриска невладина организација (Verein für globale Entwicklung) |
| НВО | Невладина Организација |
| НДШП | Недрвни шумски производи |
| МАР | Медицински и ароматични растенија |
| ПО | Проектна област |
| РФА | Регионален финансиски администратор |
| МСП(МСП) | Мали и средни претпријатија |
| ИУШ | Интегрирано управување со шумите (Integrated Forest Management) |

# ЗАБЕЛЕШКА

Во овој прирачник се опишани насоките и процедурите за тоа како да се аплицира за грантови доделени од ЦНВП преку шемата за подгрантови на проектот „Интегрирано управување со шумите долж сливот на реката Дрим - Одржливи шуми како решение засновано на природата за управување со екосистемот и руралниот развој во Западен Балкан" финансиран од Австриската кооперација за развој. Во овој прирачник ќе најдете различни барања произлезени од прирачникот на ЦНВП, подзаконски акти, договори со заштитени подрачја, договори со ИЦЕП/АДА, практики и одредби за грантови кои се наменети за користење од страна на подобните грантисти при подготовка на нивните апликации за грантови.

Овој прирачник е предмет на модификација во секое време од страна на ЦНВП во консултација со ИЦЕП и е заоснован на претходните искуства на имплементација на проекти од страна на ЦНВП во балканскиот регион.

With funding from Austrian Development Cooperation

CNVP

ICEP weltweit mehr unternehm

# 1. ВОВЕД

ИЦЕП (ICEP – Verein für Globale Entwicklung) во партнерство со ЦНВП спроведуваат тригодишен проект „Интегрирано управување со шумите (ИУШ) долж сливот на реката Дрим", финансиран од страна на Австриската кооперација за развој.
Грантот се заснова на искуството стекнато од ИЦЕП и ЦНВП во Албанија и Северна Македонија, како и на обемната работа што ЦНВП ја спроведува во балканските земји во последните години со поддршка на други донатори.

Регионалниот проект ќе го зајакне ИУШ долж сливот на реката Дрим со спроведување на пилот проекти кои ги надополнуваат најновите развојни политики и ги интегрираат локалните заедници. Проектот применува пристап од повеќе засегнати страни, интегрирајќи национални и меѓународни експерти, како и локални заедници, централни и локални власти и други иницијативи кои се во тек.

Ќе се спроведе шема за мали грантови за локални бизниси и земјоделци за промовирање и пилотирање на нови пристапи и практики со шеми за грантови за еколошки бизнис активности што ќе се воспостават во двете земји.
ЦНВП нема да поддржува, учествува или интервенира во каква било политичка кампања за или против кој било кандидат за јавна функција.

Цели и очекувани резултати од проектот
Долгорочната цел е да допринесе на ублажувањето на климатските промени и одржлив развој долж сливот на реката Дрим преку зајакнето Интегрирано управување со шумите (ИУШ). Преку поставените мерки ќе се подобрат условите за живот во руралните заедници во целните области. Долгорочниот резултат на проектот ќе биде социо-економски и еколошки придобивки за локалните заедници преку услугите на еко системот зајакнати со примена на методите на ИУШ, пошумување и заштита на биодиверзитетот.

Очекувани резултати:
Проектните активности ќе се спроведуваат покрај пет дефинирани резултати со регионални усвојувања, при што резултатот 2 ќе се спроведува само во Албанија и Северна Македонија:

- Деградираните и/или оштетените површини се пошумуваат и обновуваат преку практиките на ИУШ
- Подобрено одржување (конзервација) и еко- пријателски можности за приходи (Албанија, Северна Македонија)
- Подобрено знаење и капацитети за ИУШ долж сливот на реката Дрим.
- Достапна регионална експертиза и добри практики на соодветните политики кои можат да се повторат за интегрирано управување со шумите.
- Зголемена свест за родова еднаквост и вклучување во главните политики во климатските промени и одржливиот развој
- Целите и интервенциите на проектот се усогласуваат со националните стратегии на сите земји партнери за секторот шумарство и природни ресурси.

ИЦЕП (ICEP – Verein für globale Entwicklung) е непрофитна асоцијација основана според законите на Австрија, во 1996 година, во потрага на намалување на глобалната сиромаштија. Успехот на ИЦЕП е овозможен од дарежливи спонзори, поддржувачи, како и компетентни и посветени вработени.

With funding from Austrian Development Cooperation
CNVP
ICEP weltweit mehr unternehm

ЦНВП е холандска организација која работи на Балканот. Група посветени шумарски инженери кои беа дел од тимот за шумарство во склоп на SNV http://www.snv.org, на 2 Јули 2012, одлучија да го основат ЦНВП. Од денот на основањето до денес овој мал тим на ентузијасти прерасна на тим од 25 луѓе кои доаѓат од различни поднебја.
Во моментов ЦНВП спроведува проекти во Албанија, Косово, Северна Македонија, Црна Гора, Србија и Босна и Херцеговина.

Шумите се главниот фокус на ЦНВП како еден од најбитните екосистеми за чување на биодиверзитетот, ублажување на климатските промени и локалниот економски развој. ЦНВП ќе продолжи да работи заедно за справување со предизвиците со кои се соочуваат и природата и луѓето во земјите во развој. Работејќи заедно „да се зголеми шумската покривка која обезбедува дом, засолниште, храна, средства за живот и место за пешачење“. Со промовирање на одржливо користење на природните ресурси, ЦНВП обезбедува поддршка на локалните заедници и владите за создавање живот во хармонија со природата. Преку различни проекти ЦНВП придонесува за подобра Југоисточна Европа работејќи во следните шест клучни области:

1. Одржливо управување со природните ресурси
2. Климатски промени
3. Рурален развој
4. Обновлива енергија
5. Мобилизација на заедницата
6. Европски пристап

## 2. КРИТЕРИУМИ ЗА ПОДОБНОСТ ЗА ГРАНТ

Шемата за подгрантови во рамките на проектот „Интегрирано управување со шумите долж сливот на реката Дрим“ ќе ги поддржи активностите во проектната област која ги вклучува заштитените подрачја заедно со басенот на реката Дрим во склоп на поголемиот проект на ИУШ, со посебен фокус во регионите на Албанија и Северна Македонија ( види во картата подолу).



## *2.1. ОПШТИ КРИТЕРИУМИ ЗА ПОДОБНОСТ*

### А. Заеднички критериуми за подобност за сите апликанти

- Корисниците можат да аплицираат само за еден грант на овој повик.
- Сите доставени документи не смеат да бидат постари повеќе од 6 месеци (се однесува на документите од Централен регистар и Суд доколку се потребни).
- Предложениот концепт за грант мора да се спроведува во целните области (проектните области) на проектот на ЦНВП/ИЦЕП.
- Примачот на грантот треба да ги изврши своите активности и дејствиа во согласност со сите важечки национални закони, регулативи и стандарди за животна средина, здравје и безбедност при работа и социјална заштита.
- Сите корисници мора да ги спроведат активностите, резултатите и финансискиот извештај како што е наведено во Анекс 2 со тоа што ќе ги вклучат резултатите во нивното годишно планирање за понатамошно учење и подобрување на менаџирањето.
- Корисниците кои ги исполнуваат условите за финансирање ќе бидат мониторирани од страна на ЦНВП.

### B. Критериуми за подобност на бизниси

1. Критериуми за подобност за мали и средни претпријатија

- Само бизниси со седиште во проектната област имаат право да аплицираат. Јавниот повик под оваа шема за подгрантови има ограничен географски фокус во Проектната област.
- Да имаат добра евиденција за позитивните влијанија во нивните активности во рамките на проектната област.
- Способност за спроведување на деловните активности во проектната област.
- Да не се во конфликт со засегнатите страни во областите каде што треба да се имплементира грантот за деловни активности.
- МСП ќе имаат право да добиваат (под) грантови со цел „позеленување“или „подобрување на еколошката одржливост на нивниот бизнис”.
- Предлогот за грант мора да биде поднесен од соодветниот администратор на МСП. МСП мора да обезбеди најмалку 20% од средствата (кофинасирање) од буџетот на предлог-грантот кој треба да биде во готовина (10%) и во натура (10%).

2. Критериуми за подобност за земјоделците

- Корисникот мора да биде државјанин на Република Албанија или Р.Северна Македонија со место на живеење во областа каде што ќе се имплементира проектот (да се достави копија од лична карта). Јавниот повик под оваа шема за подгрантови има ограничен географски фокус во Проектната област.
- Корисникот мора да обезбеди документ со кој се докажува неговото место на живеење во проектната област.
- Земјоделците и поединците ќе имаат право да добиваат (под) грантови со цел „позеленување“или „подобрување на еколошката одржливост на нивниот бизнис“.
- Предлогот за грант мора да го поднесе апликантот односно во овој случај земјоделецот. Земјоделецот мора да обезбеди најмалку 20% од средства (кофинасирање) од буџетот за предлог-грантот кои ќе бидат во натура.

With funding from Austrian Development Cooperation
CNVP
ICEP weltweit mehr unternehm

### *2.2 СПЕЦИФИЧНИ КРИТЕРИУМИ ЗА ПОДОБНОСТ*

Подобни услови (за рангирање)

Одделните повици за предлози во рамките на оваа шема за подгрантови може да имаат дополнителни критериуми за подобност поврзани со географскиот и тематскиот опсег на повикот, со поограничен географски фокус во рамките на општата проектна област.

## 3. НЕПОДОБНИ ТРОШОЦИ

- Купување или давање под закуп на земјиште.
- Казни и други парични казни и судски трошоци.
- Банкарски трошоци, трошоци за гаранција и други слични трошоци.
- Трошоци за амортизација и одржување.
- Трошоци поврзани со договорите за закуп, како што се маржата на закуподавачот, општите трошоци и трошоците за осигурување.
- Инвестиции во преработка или други активности кои може да резултираат со зголемена контаминација на прекуграничните водни површини.
- Снабдување со неоргански пестициди или активности за кои може да биде потребна дополнителна употреба на пестициди.
- Инвестиции во државни компании.
- Инвестиции во земјиште кое е формално или неформално окупирано или користено од трета страна, што би резултирало со нивно преместување.
- Инвестиции кои може да имаат негативно влијание врз заштитените или важните природни живеалишта, екосистемите или биодиверзитетот.
- Трошоци за плати за вработените.
- Загуби во размената на валути.
- Даноци (локални или национални).

## 4. КРИТЕРИУМИ ЗА ПРИОРТИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИРАЊЕТО

Регионална важност – иницијативи кои ја зајакнуваат координацијата помеѓу властите со различни овластувања на различни нивоа кои може да се реплицираат и промовираат за да се подобри севкупната имплементација и ефективноста на рамката на проектот.

Вклучување на родовата перспектива - Иницијативите/апликациите од мали или големи претрпијатија или земјоделци предводени од жени/девојки се високо охрабрени и приоритетни. Идеално, еднаков број мажи и жени или во зависност од околностите, најмалку 30% од корисниците треба да бидат жени/девојки.

Политика на финансии на ЦНВП

- Корисниците на грантови од ЦНВП мора да ги следат прописите за набавки согласно и во рамките на политиките на ЦНВП (види 8. Набавки). За купување на стока и услуги важат следниве услови:

- (Нето) вредност на набавката 0,01-1.000,00 евра директно (со документација на процесот на преглед и селекција)
- (Нето) вредност на набавката 1.000,00 - 7.000,00 евра, со најмалку две понуди од различни добавувачи
- (Нето) вредност на набавката 7.000,00 -20.000,00 евра, со најмалку три понуди од различни добавувачи
- (Нето) вредност на набавката 20.000,00 -50.000,00 евра, со најмалку четири понуди од различни добавувачи
- Над 50.000,00 евра со тендер

- Кофинансирањето мора да се вреднува во ЕУР (користејќи го официјалниот девизен курс што го користи ЦНВП на денот на исплата на грантот и/или датумот на размена на валута) со доказ за уплати во финансискиот извештај. Сите трошоци мора да бидат поддржани со законски прифатлив документ.
- Примателот на грантот ќе мора да ги следи упатствата за кофинансирање на Австриска агенција за развој и ќе биде поддржан од финансискиот тим на ЦНВП од планирање до финансискиот извештај, за да се погрижи дека се почитуваат дадените насоки.

Шемата за подгрантови може да обезбеди поддршка за следните активности, но не се ограничува на:

- Подобрување на механизмите за одрживо користење на недрвни шумски производи и медицински и ароматични растенија (претприемачки вештини, промоција, развој на недрвни шумски производи, медицински и ароматични растенија и туризам базиран на природата).
- Набавка на опрема за подобрување на капацитетите за преработка и сушење на недрвни шумски производи и медицински и ароматични растенија (Видови на опрема: прием, собирање и складирање, подготовка за сортирање, чистење, перење, сушење, дезинфекција, сортирање, калибрација, отстранување на оштетено овошје, опрема за сечење, мелење и друга опрема за подготовка пред преработка, опрема за конзервирање, сушење, замрзнување, опрема за полнење, флаширање, пакување и означување/етикетирање, опрема за следење на квалитетот, системи за контрола со следење на прием, складирање и дистрибуција на производот.)
- Сертификација за органски собирачи.
- Воспоставување локални консолидатори за медицински и ароматични растенија и недрвни шумски производи за да се обезбеди фер трговија и одржливи практики на берба (во партнерство со локалните заедници, промовирање одржливи практики на берба, обезбедување обука и ресурси и обезбедување правични цени).
- Набавка на опрема за преработка и производство на традиционална храна од даватели на туристички услуги базирани на природата, (опрема за преработка: мелници, апарати за мелење и дехидратори, опрема за производство: печки, шпорети и прибор, опрема за туризам базиран на природата, како што е опрема за планинарење и кампување, опрема за авантуристички туризам, опрема за спортови на вода, набљудување на дивиот свет итн.).
- Промовирање на тури за културното и природното наследство како поддршка за локалната економија и зачувување на културната традиција. Можат да бидат поддржани и прекугранични промотивни активности.
- Уредување/подобрување на приватните сместувачки капацитети и услови кај давателите на туристички услуги/производи кои што се засноваат на користење на природни ресурси (за уредување, опремување или реновирање на објектот според традицијата на местото);
- Развој на производи и услуги во заштитени природни средини, наменети за туристчки цели.

Ова е не е ексклузивна листа. Некои активности кои сè уште се подобни и соодветни може да се дефинираат и додадат во секој повик.

# 5. КОНЦЕПТ ЗА ГРАНТ / ПРОЦЕС НА ОДОБРУВАЊЕ

Подгрантирањето ќе се спроведува во две фази:

- Прва фаза – Концепт за грант за изработка на бизнис план/Апликација со бизнис идеја за развој на бизнис планови
- Втора фаза – Грант за реализација на инвестицискиот план предвиден во бизнис планот

ПРВА ФАЗА
Апликации за грант

Малите и средните претпријатија можат да аплицираат за финансирање на грант од ЦНВП врз основа на критериумите и условите за грантот. Апликациите за грант мора да имаат:

- Апликација – кое е поднесено од страна на апликантот преку официјалниот формулар за апликација ( Анекс 1.1 за бизнис и Анекс 1.2 за земјоделци ), и образец за концепт за грант ( Анекс 3 ) во согласност со прописите и правилата опишани во овој прирачник.
- Апликантот кој го поднесува формуларот за аплицирање е должен да ги достави сите потребни документи кои што се наоѓат во формуларот за аплицирање, и кои што се опишани во Повикот за аплицирање.
- Стратегијата за оваа грант програма е да се поддржат активностите/инвестицискиот план со максимално времетраење од 1 година.
- Средствата обезбедени од програмата за грантови ќе се распределат преку јавен повик за концепт идеја што ќе биде објавен на електронските медиуми.
- Апликациите кои што ќе бидат избрани ќе продолжат да работат со експерти за изработка на бизнис план за аплицирање/ развивање на бизнис план за втората фаза: Грант за бизнис планови.

Евалуација на концептот за грант

Комисијата за евалуација
Евалуацијата/оценувањето на апликациите ќе ја врши специјална комисија што ќе ја формира директорот на ЦНВП. Следните критериуми мора да се имаат во предвид:

- Апликациите пријавени на јавниот повик за концепт за грант ќе се оценуваат врз основа на однапред објавените критериуми, кои одредуваат како да се додели грантот. Апликациите кои не ги исполнуваат условите како што е наведено во Јавниот повик нема да се земат во предвид во понатамошниот процес.
- Комисијата за евалуација може да побара појаснувања во врска со апликацијата, вклучително и доставување на дополнителна документација. Апликациите кои не го следат наведениот формат по забелешката за појаснување може да не се земаат во предвид во понатамошниот процес на втората фаза.
- Членовите на комисијата за евалуација не смеат да бидат во хиерархиски/подредени односи еден со друг.
- Состаноците на комисиите кои ги оценуваат апликациите ќе бидат затворени, а членовите ќе бидат обврзани со доверливост.
- Доколку апликацијата ги исполнува условите и критериумите за подобност, таа ќе се оценува според критериумите за доделување на грантот.
- Доколку се утврди дека апликацијата не ги исполнува условите или критериумите за подобност, таа ќе биде одбиена.
- Оценувачите треба да имаат техничка компетентност во областа на повикот.
- На комисијата за евалуација мора да и се даде доволно време да ја спроведе евалуацијата правилно и во согласност со овие правила.

Извештај за евалуација

- Откако апликациите ќе бидат оценети, ќе се подготви извештај за евалуација.

- Извештајот за евалуација ќе содржи информации за апликациите, информации за оценувањето на критериумите за подобност, оценување на критериумите за доделување и каде што е применливо, рангирање на апликациите.

ВТОРА ФАЗА

Апликација за грант за имплементација на бизнис план

Средните и малите претпријатија и земјоделците можат да аплицираат за финансирање од ЦНВП врз основа на критериумите и условите за грантови. Апликацијата за спроведување на бизнис план мора да содржи:

- Апликантот ја поднесува апликацијата со развиен бизнис план.
- Апликантот кој ја поднесува апликацијата за грант за имплементација на бизнис планот е должен да ги достави сите потребни документи како што е опишано во Повикот за аплицирање.
- Стратегијата за оваа грант програма е да се поддржат активностите/инвестицискиот план со максимално времетраење од 1 година.
- Средствата обезбедени од програмата за грантови ќе се распределат преку јавен повик за концепт идеја што ќе биде објавен на електронските медиуми.

Комисијата за евалуација

Евалуацијата/оценувањето на апликациите ќе ја врши специјална комисија што ќе ја формира директорот на ЦНВП. Следните критериуми мора да се имаат во предвид:

- Апликациите/Бизнис плановите, пријавени на јавниот повик за бизнис план ќе се оценуваат врз основа на однапред објавените критериуми, кои одредуваат како да се додели грантот. Апликациите кои не ги исполнуваат условите како што е наведено во Јавниот повик нема да се земат во предвид во понатамошниот процес.
- Комисијата за евалуација може да побара појаснувања во врска со апликацијата/бизнис планот, вклучително и доставување на дополнителна документација. Апликациите кои не го следат наведениот формат по забелешката за појаснување може да не се земаат во предвид во понатамошниот процес на втората фаза.
- Членовите на комисијата за евалуација не смеат да бидат во хиерархиски/подредени односи еден со друг.
- Состаноците на комисиите кои ги оценуваат апликациите ќе бидат затворени, а членовите ќе бидат обврзани со доверливост.
- Доколку апликацијата/ бизнис планот ги исполнува условите и критериумите за подобност, таа ќе се оценува според критериумите за доделување на грантот.
- Доколку се утврди дека апликацијата/ бизнис планот не ги исполнува условите или критериумите за подобност, таа ќе биде одбиена.
- Оценувачите треба да имаат техничка компетентност во областа на повикот.
- На комисијата за евалуација мора да и се даде доволно време да ја спроведе евалуацијата правилно и во согласност со овие правила.

Извештај за евалуација

- Откако апликациите/бизнис плановите ќе бидат оценети, ќе се воспостави извештај за евалуација.
- Извештајот за евалуација ќе содржи информации за избраните бизнис планови, информации за оценувањето на критериумите за подобност, оценување на критериумите за доделување и каде што е применливо, рангирање на апликациите.

Мониторингот на евалуацијата

- Мониторингот на евалуацијата ќе биде направено од ИЦЕП и АДА.
- ЦНВП ќе ги испрати сите потребни документи до ИЦЕП и АДА.

# 6. ОВЛАСТУВАЊЕ И СУСПЕНЗИЈА ЗА ТРОШОЦИ НА ГРАНТ

Грантовите ги администрира извршниот директор во земјата (ИД) како лидер во ЦНВП по соодветните земји. Извршниот директор треба да потврди дека:

- Исплатата е во согласност со одобрениот грант, и
- Според неговите/нејзините најдобри знаења, исполнети се условите за исплата (вклучувајќи правилна употреба на претходно обезбедените средства) предвидени со релевантниот предлог за грант и договорот за грант (ако е применливо).

Доколку се забележи дека грантовите не се користат според договорот направен со примачот на грантот, Извршниот директор може да го суспендира понатамошното финансирање додека не се преземат корективни мерки.

Средствата од грантот кои нема да се искористат/трошат мора да се вратат во ЦНВП до крајот на времетраењето на грантот или да се користат поинаку со претходно направен договор помеѓу ЦНВП и примачот на грантот.

Доколку извршниот директор/ЦНВП утврди дека средствата се злоупотребени, на примателот на грантот ќе му биде забрането да прима дополнителни средства од ЦНВП. ЦНВП ќе ги преземе сите правни дејства за да ги врати сите злоупотребени средства.

Средсвата ќе се исплатат во согласност со условите за исплата наведени во Договорите за грант, следејќи ја спецификацијата на деталите за плаќање (со користење на обрасците 4.1, 4.2 и 5.1, 5.2) и по формално барање за плаќање од страна на примачот на грантот (со користење на образец 6 за поднесување). По потврдувањето на приемот, примачот на грантот пополнува и потпишува формулар за потврда за прием.

# 7. МОНИТОРИНГ НА ГРАНТ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

Доколку имплементацијата на активностите трае подолго од една година, добитникот на грант ќе обезбеди годишно:

- Ажурирани оперативни планови, план за мониторинг и буџети.
- Извештај за веќе постигнатите оперативни, конзерваторски и други цели во планот за управување и оперативниот план за тековната година.

Извршниот директор ќе биде одговорен за следење на грантовите во рамките на проектот ИУШ. Договорот за грант му дава на ЦНВП право да го следи користењето на средствата што му се даваат на примачот на грант, како и кофинансирањето од други страни. Како дел од процесот на мониторинг, поединечните договори за грант ќе овозможат ЦНВП да ги:

- Потврди годишните финансиски сметки на МСП и
- Следи оперативните перформанси.

Резултатите од верификацијата се сопственост на ЦНВП. Иако намерата на ЦНВП е да го сподели извештајот на резултатите од верификацијата со своите корисници, така што корисниците ќе имаат корист од резултатите, мора да се потенцира дека ЦНВП не е обврзан да го направи тоа. Извештаите за верификација се генерално доверливи извештаи до ЦНВП кои нема да бидат споделени.

With funding from
Austrian Development Cooperation
CNVP
ICEP weltweit mehr unternehm

# 8. ПРОЦЕДУРИ НА НАБАВКИ

Корисникот на грантот треба ги следи процедурите за набавки на ЦНВП/ИЦЕП кој што се наоѓат во овој прирачник, за купување на материјалите. Според овој прирачник набавките варираат од:

| | |
|---|---|
| 0.01 - 1.000 ЕВРА | Директна набавка (документација од процесот на преглед за избор) |
| 1.000 – 7.000 ЕВРА | Најмалку две понуди од различни добавувачи |
| 7.000-20.000 ЕВРА | Најмалку три понуди од различни добавувачи |
| 20.000-50.000 ЕВРА | Најмалку четири понуди од различни добавувачи |
| Еднакви или над 50,000 ЕВРА | Тендер |

Прирачникот на ЦНВП/ИУШ за набавка на стоки и услуги наведува дека купувањето на стоки или услуги кои што го надминуваат лимитот бара разумно уверување дека е постигната вредност за парите. АФЗ, РФА обезбедуваат дека:

1. Добивање писмени понуди за цени од три различни доверливи добавувачи и анализа на најдобрата вредност за парите.
2. Доколку истите стоки или услуги се набавени во последните шест месеци и ако се верува дека нема промени на цените на пазарот во овој период, може едноставно да се земе во предвид претходната трансакција за споредба на цените со тоа што нема да има потреба за нова споредба на цена.

- Кога писмената понуда не е достапна/не е изводлива, треба да се документират набавувачите со кои е стапено во контакт, лицето со кое се разговарало, датумот и цената и условите на понудата.
- Во случаеви кога се достапни помалку од 3 понуди, треба да се документира убедлива причина.

# 9. СПИСОК НА ДОКУМЕНТИ ПОТРЕБНИ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ

Сите апликанти мора да достават комплетна апликација која ќе ја содржи следната листа на документација:

ЗА ЗЕМЈОДЕЛЦИ И МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИА

1. ЗА ЗЕМЈОДЕЛЦИ

    - Формулар за апликација, електронска копија од концептот на грантот за бизнис идеја (Прва фаза/повик)
    - Скениран документ за идентификација (лична карта/пасош) на апликантот.
    - Документ од банка за потврдување на трансакциската сметка.
    - Документ со кој се потврдува дека живеалиштето на апликантот е во склоп на проектната област.
    - Изработен бизнис план (втора фаза/повик), вклучувајќи го предмерот (превентивен) за секоја предложена активност.
    - Сите документи треба да се испратат по е-пошта.

2. ЗА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

- Формулар за апликација – Електронска копија од концептот за грант за бизнис идеја (Прва фаза/повик)
- Фотокопија од документот за идентификација (лична карта/пасош) на апликантот или неговиот законски застапник.
- Потврда од Централен регистар во моментот на аплицирање.
- Доказ за платени даноци за последната фискална година ( од УЈП ).
- Потврда од судот за казнена евиденција со која што се потрвдува дека лицето кое што аплицира или неговите законски застапници не се под истрага, издадена најрано 30 дена пред поднесување на пријавата.
- Бизнис план (втора фаза/повик), вклучувајќи го предмерот (превентивен) за секоја предложена активност.
- Документ од банка за потврдување на трансакциската сметка.
- Сите документи треба да се испратат по е-пошта.
- Во случај на туристички даватели на услуги, правна потврда за сопственост на имот или официјална дозвола за деловни активности.

## 10. КРИТЕРИУМИ ЗА РАНГИРАЊЕ

Апликациите кои не се подготвени според стандардните правилата објавени во повиците ќе бидат одбиени. Само квалификуваните предлози ќе одат во процес на рангирање.

1. ЗА ЗЕМЈОДЕЛЦИ

| # | Критериуми | Опис | Максимум бодови |
|---|---|---|---|
| 1. | Опсегот на имплементација е целосно во рамките на географскиот простор, како што е дефинирано во повикот. | Предвидените активности мора да се целосно во рамките на географскиот простор како што е дефинирано во повикот. | 20 |
| 2. | Образецот за Концепт на грантот за бизнис идеја | Апликацијата за грант е подготвена според дадените обрасци, со сите потребни анекси | 15 |
| 3. | Бизнис идеја/ Бизнис план | Планираните активности се целосно во склад со објавените повици | 20 |
| 5. | Деловните активности да се имплементират во склоп на географскиот опфат на повикот, како што е дефинирано во повикот | Апликантите се во заштитените подрачја/проектните области | 30 |
| 6. | Слични активности (искуство) | Никогаш не биле вклучени во слични активности | 0 |
| | | Многу ретко | 5 |
| | | Добро се запознати со овие активности | 10 |
| Вкупно (максимум) | | | 100 |

2. ЗА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

| # | Критериуми | Опис | Максимум бодови |
|---|---|---|---|
| 1. | Опсегот на имплементација е целосно во рамките на географскиот простор, како што е дефинирано во повикот. | Предвидените активности мора да се целосно во рамките на географскиот простор како што е дефинирано во повикот. | 20 |
| 2. | Образецот за Концепт на грантот за бизнис идеја | Апликацијата за грант е подготвена според дадените обрасци, со сите потребни анекси | 15 |
| 3. | Бизнис идеја/ Бизнис план | Планираните активности се целосно во склад со објавените повици | 20 |
| 5. | Деловните активности да се имплементират во склоп на географскиот опфат на повикот, како што е дефинирано во повикот | Апликантите се во заштитените подрачја/проектните области | 30 |
| 6. | Слични активности (искуство) | Никогаш не биле вклучени во слични активности | 0 |
| | | Многу ретко | 5 |
| | | Добро се запознати со овие активности | 10 |
| Вкупно ( максимум) | | | 100 |

With funding from Austrian Development Cooperation

CNVP

ICEP weltweit mehr unternehm

# АНЕКС 1/1

ОПШТ ФОРМАТ ЗА АПЛИКАЦИЈА ЗА ЗЕМЈОДЕЛЦИ

A. ЗА ЗЕМЈОДЕЛЦИ

Име и датум на повик____________

ПРОЕКТ „Интегрирано управување со шумите (ИУШ) долж сливот на реката Дрим"

| A.1) Општи информации за поединецот/ апликантот | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Име и презиме на апликантот | | |
| 2. | Село | | |
| | Општина | | |
| | Регион | | |
| | Наведете дали тој/таа е постојан жител на територијата на проектот | Да □ Не □ | |
| 3. | Адреса на апликантот | | |
| | Контактите | тел. | е-маил |
| | | | |
| 4. | Лични броеви на апликантот (еден од нив) | Лична карта : | |
| | | Пасош: | |
| 5 | Пол на апликантот | Женско □ Машко □ | |
| 6 | Документ дека е жител во областа на проектот | | |

| A.2. Банкарски информации | | |
|---|---|---|
| 1. | Име на банка | |
| 2. | Адреса на банка | |
| 3. | Жиросметка | |
| 4. | SWIFT | |
| 5. | IBAN | |

With funding from
Austrian Development Cooperation
CNVP
ICEP weltweit mehr unternehm

| А.3 ВКУПЕН БАРАН ИЗНОС | |
|---|---|
| Вкупен износ во ДЕНАРИ | |

А.4 ИЗЈАВА ЗА ИСТИ ИЛИ СЛИЧНИ АКТИВНОСТИ (Искуство)

| # | Исти или слични активности | Година | Финансиран од | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

ИЗЈАВА:

- ➢ Изјавувам дека горенаведените информации дадени од мене се вистинити и целосни и ги доставувам сите релевантни документи.
- ➢ Со целосна одговорност изјавувам дека нема да ја променам дестинацијата на активноста за која аплицирам и прифаќам дека ЦНВП ќе преземе мерки против мене/нас за лажна изјава.
- ➢ Изјавувам дека не сум користел средства од други донатори за финансирање на истата инвестиција за која ја поднесувам оваа апликација.
- ➢ Со целосна одговорност изјавувам дека ќе ги исполнам сите барања наведени во овој предлог-грант.
- ➢ Во случаи кога нема да ги исполнам сите барања од оваа изјава и за горенаведените неточни изјави, ќе одговарам според македонското законодавство.
- ➢ Немам финансиска поврзаност и конфликт на интереси со ЦНВП.
- ➢ Се согласувам со објавување на сите релевантни финансиски информации кои се однесуваат на добиениот износ во согласност со барањата на Законот за заштита на податоците.

Време и датум на поднесување,
Целосно име и презиме на апликантот

With funding from Austrian Development Cooperation
CNVP
ICEP weltweit mehr unternehm

# АНЕКС 1/2

ОПШТ ФОРМАТ ЗА АПЛИКАЦИЈА ЗА БИЗНИСИ

В. ЗА МСП

Име и датум на повик

ПРОЕКТ „Интегрирано управување со шумите (ИУШ) долж сливот на реката Дрим”

<table>
<tr><td colspan="4">А.1 Општи информации за деловниот субјект (бизнисот)</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Име на бизнисот/субјектот</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Име и презиме на законскиот застапник</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td rowspan="5">3.</td><td>Адреса на апликантот</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Село</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Град</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Регион</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Означете дали бизнисот со неговото седиште е во Проектните области</td><td colspan="2">Да ◻ Не ◻</td></tr>
<tr><td rowspan="3">4.</td><td>Адреса на претставникот</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td rowspan="2">Контакт</td><td>Тел</td><td>е-маил</td></tr>
<tr><td></td><td></td></tr>
<tr><td>5.</td><td>Матичен број на законскиот застапник</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>6</td><td>Единствен матичен број на субјектот (ЕМБС)</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>7</td><td>Датум на регистрација</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>8</td><td>Тековен статус</td><td colspan="2">Активен ◻ Пасивен ◻</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td colspan="3">А.2. Банкарски информации</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Име на банка</td><td></td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Адреса на банка</td><td></td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Број на банкарска сметка</td><td></td></tr>
<tr><td>4.</td><td>SWIFT код</td><td></td></tr>
</table>

With funding from Austrian Development Cooperation

| 5. | IBAN | |
|---|---|---|

| A.3 ВКУПЕН БАРАН ИЗНОС | |
|---|---|
| Вкупен износ во ДЕНАРИ | |

А.4 ИЗЈАВА ЗА ИСТИ ИЛИ СЛИЧНИ АКТИВНОСТИ (Искуство)

| # | Исти или слични активности | Година | Финансиран од | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

ИЗЈАВА:

- Изјавувам дека горенаведените информации дадени од мене се вистинити и целосни и ги доставувам сите релевантни документи.
- Со целосна одговорност изјавувам дека нема да ја променам дестинацијата на активноста за која аплицирам и прифаќам дека ЦНВП ќе преземе мерки против мене/нас за лажна изјава.
- Изјавувам дека не сум користел средства од други донатори за финансирање на истата инвестиција за која ја поднесувам оваа апликација.
- Со целосна одговорност изјавувам дека ќе ги исполнам сите барања претставени во овој проект.
- Во случаи кога нема да ги исполнам сите барања од оваа изјава и за горенаведените неточни изјави, ќе одговарам според албанското законодавство.
- Немам финансиска поврзаност и конфликт на интереси со ЦНВП
- Се согласувам со објавување на сите релевантни финансиски информации кои се однесуваат на добиениот износ во согласност со барањата на Законот за заштита на податоците.

Време и датум на поднесување,

Целосно име и презиме на апликантот

With funding from Austrian Development Cooperation

# АНЕКС 2

## Барања за активности, перформанси и финансиски мониторинг. Мониторинг врз основа на активност

Покрај поднесениот Оперативен и мониторинг план, како дел од Предлог грантот, ќе се додаде и дополнителен временски рок во кој ќе се прецизира распределбата на активностите по месеци од спроведувањето на предлогот.

Во случај на отстапување од Оперативниот план мора да се даде објаснување зошто одредена активност не се спроведува според планираното и какви мерки се предлагаат за решавање на ова проблематика, што ќе се спроведува, од кого и до кога. За завршените активности, треба да се наведат конечни бројки или резултати, на пр., бројот на обучени луѓе; бројот на извештаи за мониторинг на бизнисот во согласност со доставениот работен план, и таму каде е можно врз основа на докази.

## Барања за финансиски мониторинг

За потребите на известување до својот донатор, ЦНВП има потреба од финансиски извештаи во одреден формат. Ако постоечките механизми за финансиско сметководство на корисниците на грантот не обезбедуваат доволно информации, ЦНВП има право да побара дополнителни финансиски податоци кои треба да ги обезбедат самите добитници на грант. Доколку е потребно, овие дополнителни барања, ќе бидат наведени во Договорот за грант. Исто така, со цел на верификација, персоналот на ЦНВП ќе ги потврдува и проверува резултатите од финансискиот мониторинг.

# АНЕКС 3

ФОРМУЛАР – КОНЦЕПТ ЗА ГРАНД

| | |
|---|---|
| Име на апликантот (име на МСП или име на земјоделецот) | |
| Адреса на апликантот | |
| Бизнис идеја/наслов | |
| Име на лицето за контакт | |
| Телефонски број на лицето за контакт | |
| Е-маил на лицето за контакт | |

Резиме

(Ве молиме, наведете подолу резиме на вашиот предлог за концепт бизнис идеја за грант од ИУШ; максимум 250 зборови)

A. Земјоделци/ МСП

*За МСП: Наведете краток опис на тоа како вашето искуство во бизнисот е поврзано со слични активности како оние во Повикот, особено во целната област на Повикот. Максимум 200 зборови.*

*За земјоделците: Наведете краток опис на вашите активности поврзани со слични активности како овие во Повикот, особено во целната област на Повикот. Максимум 200 зборови.*

B. Забелешки за концептот

1. Име на бизнисот

2. Локација на бизнисот

   *(Наведете колку што е можно повеќе: Проектна област, Општина, Град, Село)*

3. Целта на бизнисот и очекуваните резултати

   *(Наведете ја намената, целите и очекуваните резултати од бизнисот)*

4. Предвидените трошоци за развој на бизнис идејата во денари

   *(За вкупното времетраење на проектот; вклучете информации достапни до денес)*

| | | |
|---|---|---|
| Средства побарани од ЦНВП | денари | % |
| Придонес на грантистот (најмалку 20% во готовина и во натура) | денари | % |
| ВКУПНИ ТРОШОЦИ | денари | 100% |

5. Список за проверка *(пополнет и доставен од апликантот)*

Пред да ја поднесете вашата апликација, проверете дали секој од наведените критериуми е целосно исполнет.

| # | Критериуми | Да | Не |
|---|---|---|---|
| 1 | Употребен е формулар за апликација/ концепт и предлог буџет | | |
| 2 | Дополнителната документација е поднесена заедно со апликацијата/ пријавата согласно Повикот | | |
| 3 | Сите документи и апликацијата се готови за поднесување во електронска верзија | | |
| 4 | Списокот за проверка се пополнува и се испраќа заедно со апликацијата | | |

# АНЕКС 4.1

ФОРМУЛАР ЗА СЕРТИФИКАЦИЈА НА ИЗВРШЕНИТЕ РАБОТИ

За земјоделци

| ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| Датум | |
| Име и презиме на земјоделецот | |
| Адреса (Регион/ Административна единица /Општина) | |
| Вид на инвестиција | |
| Местото според предлог-проектот | |
| Шумска економија (Управна единица) | |

ЗАВРШЕН ПРЕГЛЕД НА КОЛИЧИНИТЕ НА РАБОТИТЕ

| Резултати | Активност | Единица | Број на единици | Цена по единица | ВКУПНО ВО ДЕНАРИ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

Ја потврдувам веродостојноста на извршените активности како што е прикажано погоре и изјавувам дека тие се во согласност со правилата како што е опишано во проектот, и ги исполнуваат техничките услови на задоволителен начин, што може да гарантира исполнување на целите на проектот.

Забелешка: *Овој документ мора да се чува во два примерока, еден за ЦНВП и еден за здружението/бизнисот/земјоделецот. Исто така, треба да биде придружен со барањето за исплата.*

Технички директор                                        Земјоделец

Датум:

# АНЕКС 4.2

ФОРМУЛАР ЗА СЕРТИФИКАЦИЈА НА ИЗВРШЕНИТЕ РАБОТИ

ЗА БИЗНИСОТ

| ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| Датум | |
| Име и презиме на претставникот на бизнисот | |
| Адреса (Регион/ Административна единица /Општина) | |
| Вид на инвестиција | |
| Местото според предлог-проектот | |
| Шумска економија (Управна единица) | |

ЗАВРШЕН ПРЕГЛЕД НА КОЛИЧИНИТЕ НА РАБОТИТЕ

| Резултати | Активност | Единица | Број на единици | Цена по единица | ВКУПНО ВО ДЕНАРИ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

Ја потврдувам веродостојноста на извршените активности како што е прикажано погоре и изјавувам дека се во согласност со правилата како што е опишано во проектот, и ги исполнуваат техничките услови на задоволителен начин, што може да гарантира исполнување на целите на проектот.

Забелешка: *Овој документ мора да се чува во два примерока, еден за ЦНВП и еден за здружението/бизнисот/земјоделецот. Исто така, треба да биде придружен со барањето за исплата.*

Технички директор

Администратор:

Датум:

# АНЕКС 5.1

МЕСТО ____________________

АКТ-ВЕРИФИКАЦИЈА
(За извршените работи________)
Земјоделец

Оджан денес, на датум _________во _________за извршената работа во_________од страна на_______________ во текот на периодот од _____до _____________________ Комисијата составена од ___________________________ по проверка на работите во објектот _____________________________________ на областа_______________ во село __________________,утврдиле дека е извршено _______________(наведете го видот на работа), со волумен од________________и се потрошени__________ ЕВРА. Работите се со добар квалитет и ги исполнуваат проектните барања.

| Резултати | Активност | Единица | Број на единици | Цена по единица | ВКУПНО ВО ДЕНАРИ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

Апликант:

Земјоделецот

Тимот за верификација:

Претставник од ЦНВП

Технички директор

Овој акт е составен во 2 примероци (еден за апликантот, еден за ЦНВП)

# АНЕКС 5.2

МЕСТО ______________________

АКТ-ВЕРИФИКАЦИЈА
(За извршените работи________)
Бизнис

Оджан денес, на датум _________во __________за извршената работа во_________од страна на________________ во текот на периодот од _____до ______________________ Комисијата составена од ____________________________ по проверка на работите во објектот _______________________________________ на областа________________ во село ___________________,утврдиле дека е извршено ________________(наведете го видот на работа), со волумен од________________и се потрошени__________ ЕВРА. Работите се со добар квалитет и ги исполнуваат проектните барања.

| Резултати | Активност | Единица | Број на единици | Цена по единица | ВКУПНО ВО ДЕНАРИ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

Апликант:

Тимот за верификација:

Администратор

Претставник од ЦНВП

Технички директор

Овој акт е составен во 2 примероци (еден за апликантот, еден за ЦНВП)

# АНЕКС 6

БАРАЊЕ ЗА ИСПЛАТА

ЗА: ЦНВП МАКЕДОНИЈА

ОД:

ВИД НА РАБОТА: ____________________________________________________

| | |
|---|---|
| Име на примателот на грантот | |
| Датум на договорот | |
| Датум на барањето | |
| Вид на инвестиција | |
| Обем на трудот/ работата | |
| Износ во ЕВРА | |

| | |
|---|---|
| Здружение/ Земјоделец/ Бизнис: | |
| Име | |
| Име на законскиот застапник | |
| ЕМБС | |
| Адреса | |
| Локација на инвестиција | |
| Телефонски број | |
| Име на банка | |
| Жиросметка | |
| IBAN | |
| SWIFT CODE | |

СПИСОК НА ПОДНЕСЕНИ ДОКУМЕНТИ:

| Бр. | Вид на документ |
|---|---|
| 1 | Барање за исплата |
| 2 | Формулар за сертификација за извршените работи |
| 3 | Акт за верификација на работите (Финален работен план) |
| 4 | Банкарски изводи |

Во врска со горенаведеното изјавувам дека не сум АПЛИЦИРАЛ/А ЗА ИСТА ИНВЕСТИЦИЈА ВО ДРУГИ ПРОГРАМИ.

ЗЕМЈОДЕЛЕЦ/БИЗНИС